РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Гази Баба бр. 08 – 5770/1 од 05.10.2022 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Гази Баба бр. 08 – 569/1 од 31.01.2023 година Општина Гази Баба објавува

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-5242/4
23.06 2023 год.
СКОПЈЕ

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.02/2023**
**за унапредување на 3 (три) административни службеници во Општина Гази Баба**

Општина Гази Баба објавува интерен оглас за унапредување на 3 (три) административни службеници за следниве работни места:

1. УПР 01 01 В01 000 Советник за администрирање на локални даноци, такси и надоместоци, Одделение за администрирање на локални приходи, Сектор за финансиски прашања (1) извршител

Општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:
- Ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - економски науки, организациони науки и управување (менаџмент) или правни науки
- најмалку три години работно искуство во струката

Општи работни компетенции
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Распоред на работно време
- работни денови понеделник-петок;

- работни часови неделно 40;
- работно време од 07:30-08:30 до 15:30-16:30;
- опис за работното време со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

Паричен нето износ на плата: 31.596,00 денари

2. УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт – комунален редар, Одделение за градежна инспекција и инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината, Сектор за инспекциски работи - Инспекторат (1) извршител

Општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:
- стручни квалификации за ниво на квалификациите V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 кредити или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование - Вишо образование, средно гимназиско образование или средно стручно образование
- најмалку три години работно искуство во струката.

Општи работни компетенции
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Распоред на работно време
- работни денови понеделник-петок;
- работни часови неделно 40;
- работно време од 07:30-08:30 до 15:30-16:30;
- опис за работното време со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

Паричен нето износ на плата: 23.876,00 денари.

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

3. УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за нормативно-правни работи, стручно административни и општи работи, Одделение за нормативно-правни работи, стручно административни и општи работи, Сектор за правни и општи работи (1) извршител

Општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:
- Ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - правни науки, историски науки или библиотекарство и документација
- најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор

Општи работни компетенции
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење;
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- положен испит за административно управување

Распоред на работно време
- работни денови понеделник-петок;
- работни часови неделно 40;
- работно време од 07:30-08:30 до 15:30-16:30;
- опис за работното време со почеток на работното време помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

Паричен нето износ на плата: 35.086,00 денари

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Гази Баба кој ги исполнува општите и посебните услови пропишани во Законот за административни службеници, Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Гази Баба бр. 08 – 5770/1 од 05.10.2022 година и Правилник за

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-017/2019
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 65 55, факс: +389 (0)2 32 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Гази Баба бр. 08 – 569/1 од 31.01.2023 година, како и да ги исполнуваат и следниве услови:

- Да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- Да поминал најмалку 2 (две) години на исто ниво,
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас.

Заинтерисираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Гази Баба, и освен во хартија може да биде испратена и електронски на следнава електронска адреса; hr@gazibaba.gov.mk

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:

- Потврди за успешно реализирани обуки и/или
- Потврди за успешно менторство.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА**: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од понатамошната постапка.

Со почит,

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКРЕТАР

Невенка Стаменковска Стојковски